**Изјава на министерката за одбрана Славјанка Петровска по повод официјалната посета на Република Словенија**
**17.10.2022**

Почитуван министер и драг колега, Шарец

Благодарам за поканата, за прекрасниот пречек, но меѓутоа и за уште попријателскиот разговор кој што го имавме,

Почитувани претставници на медиумите,

Драго ми е што сум во официјална посета на вашата земја, која е наш докажан партнер, пријател, сојузник и гласен поддржувач на демократсиот развој и економското унапредување на Република Северна Македонија. Оваа година одбележуваме 30 години заедничка соработка помеѓу двете држави и 28 години одбранбена соработка која навистина остави белег во развојот на одбраната и Армијата и во Република Северна Македонија.

Живееме во комплексни времиња со бројни безбедносни предизвици и затоа, и како блиски и пријателски земји, и како сојузници во НАТО, мораме да опстанеме на нашиот пат кон уште посилна и уште поинтензивна одбранбена соработка.

Оваа година имаме голем број заеднички вежби, трензинзи и активности, а исклучително важна и најзначајна е нашата соработка во НАТО мисијата за зајакнато истурено присуство во Латвија каде македонските војници и офицери се дел од словенечкиот контингент и навистина споделуваат заедничко искуство, соработка и го градат пријателството и понатаму.

Денеска се договоривме за што поскоро да склучиме договор за одбранбена соработка кој ќе ги рефлектира случувањата во светот и во НАТО алијансата и ќе опфати многу поблиска соработка помеѓу нашите држави за развој на одбранбените капацитети, меѓу другото и за справување и со сајбер, хибридни и асиметрични закани за нашата заедничка определба за заштита и унапредување на критичната инфраструктура и се разбира повеќе теми кои експертските тимови ќе ги утврдат.

Во контекст на војната во Украина и регионалните импликации, со колегата Шарец ја дискутиравме и политичко-безбедносната ситуација во регионот. Регионот се соочува со свои предизвици, но ниту еден предизвик не е нерешлив доколку има политичка волја, храброст и насоченост кон иднината. Недоразбирања од минатото и историските предрасуди за жал сѐ уште не се целосно затворени и оставени во минатото. Решавањето на сите отворени билатерални прашања во регионот се клучни за подобрување на заедничката безбедност, но и европската стабилност. Република Северна Македонија е пример за земја која решавајќи конфликти и отворени прашања, ги отвора вратите за развој на државата и просперитет на своите граѓани.

Балканот, особено Западниот Балкан мора да опстане на патот кон целосна демократизација и силна европеизација – пат кој е нераскинливо поврзан со пристапувањето кон Европската Унија. Овој пат мораме да го поминеме, ефикасно и квалитетно и словенечката поддршка политичка и експертска секогаш е присутна и исклучително важна, за што искрено ви се заблагодарувам.

Северна Македонија и Словенија се обединети во вредностите и принципите кои гарантираат безбедност и просперитет за речиси една милијарда луѓе во светот.

Со мојата денешна посета сакам да испратам силна порака дека двете земји имаат исти и силни заложби за мир, слобода и демократија, дека имаат и заедничко минато, но уште поважно заедничка сегашност и иднина, како дел од најмоќниот воено политички сојуз НАТО, но и Европската унија. Заедно и обединети можеме да постигнеме уште повеќе.

Ви благодарам.